**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**ОСНОВНО ЈАВНО ОБВИНИТЕЛСТВО ЗА ГОНЕЊЕ НА ОРГАНИЗИРАН КРИМИНАЛ И КОРУПЦИЈА**

**А бр.259/20-1**
**Скопје, 18.12.2020 година**

Врз основа на член 37 ст.1 од Законот за јавнообвинителски службеници ("Службен весник на Република Македонија" бр.62/15, бр.231/15 и бр.11/16), Основниот јавен обвинител на Основното јавно обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција, донесе:

# О Д Л У К А
## за избор на кандидати по пат на јавен оглас

1. По јавниот оглас за вработување на јавнообвинителски службеник во Основното јавно обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција, и тоа за работно место – **Јавнообвинителски советник - истражител, Одделение за истражување и гонење на кривични дела сторени од лица со полициски овластувања и припадници на затворската полиција, – 2 извршители**, врз основа на Предлог на кандидати од комисијата за селекција за вработување се избираат:

   **1. Давид Неделков**

   **2. Соња Стоилковска Јакимовска**

2. Вработувањето на избраните кандидати од точката 1 на оваа Одлука ќе се изврши по завршувањето на постапката и конечноста на Одлуката.

***О б р а з л о ж е н и е***

Јавното обвинителство на Република Северна Македонија на 15.10.2020 година во дневните весници „Вечер“, „Нова Македонија“ и „Коха“ објави јавен оглас бр.1/2020 за пополнување на работно место - **Јавнообвинителски советник - истражител, Одделение за истражување и гонење на кривични дела сторени од лица со полициски овластувања и припадници на затворската полиција, – 2 извршители во Основното јавно обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција.**

По спроведена постапка за селекција за вработување од страна на Комисија за селекција за вработување по јавен оглас, врз основа на Предлог на кандидати за вработување, Основниот јавен обвинител на Основното јавно обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција изврши избор на кандидат како во диспозитивот на оваа Одлука.

Во рок од пет дена од конечноста на одлуката за избор, Јавниот обвинител на Република Северна Македонија, ќе донесе решение за вработување на јавнообвинителски службеник на неопределено време.

Оваа одлука за избор се објавува на веб страницата и на огласната табла на Јавното обвинителство на Република Северна Македонија.

**Јавен обвинител**
**на Основното јавно обвинителство за гонење**
**на организиран криминал и корупција**
**Вилма Русковска**

**ПРАВНА ПОУКА:** Против оваа Одлука кандидатот кој не е избран има право на жалба, преку јавното обвинителство за чии потреби е објавен јавниот оглас, до Советот на јавнообвинителска служба во рок од осум дена од денот на приемот на писменото известување за извршениот избор.

**ДОСТАВЕНО ДО:**
- Јавно обвинителство на Република Северна Македонија;
- Одделение за за управување со човечки ресурси во ЈОРСМ;
- Избраниот кандидат;
- Архива.